ПЕЛАГОН – ПЕЛАЗГО – ПЕЛАЗГ – ПЕЛАРГО – ПЕЛАРГ И ПЕЛАГОНСКОТО КРАЛСТВО




**Веројатно е дека својот најголем развој, Пелагонското Кралство го имало многу рано, можеби во раното бронзено време, паралелно со Критско–Минојското кралство и култура. Во подоцнежните периоди, на истата територија се создале и воздигнале поголем, број други кралства, како кралството на Пајонците, Линкестите, Бригијците Алмопијците и други етнички заедници, кои, од друга страна, биле блиски по култура, јазик, па и во помало или поголемо биолошко сродство.**

Археолозите и историчарите не се сомневаат во културната и етимолошката врска меѓу Пелагонците и Пелазгите, две од најстарите етнички заедници, кои ги населувале јужните делови на Балканскиот Полуостров. На тоа упатува и заедничката основа на нивното име, односно на Пелагонците и Пелазгите, како и на нивните епонимни јунаци (или кралеви) Пелагон кај Пелагонците и Пелазго или Пелазг и уште Пеларго или Пеларг, кај Пелазгите. Уште повеќе, името на Пелагонците се поврзува со постарите митолошки преданија, односно, нивното име се поврзува со преданието за Титаните, за кои се вели дека биле нарекувани и Пелагони или Пелагонци.

Страбон: ***Тоа дека „пеанизмос“ на Тракијците се нарекувал „титанизмос“ од Елините, во имитацијата на повикот, употребуван во пеаните, титаните биле нарекувани, исто така, Пелагони.***

Стихот „на Пелагонците возач и судец на небески богој?“ е еден од почетните стихови

во химната посветена на богот Ѕевс од античкиот поет и схолијаст Калимах (310/305 – 240 п.н.е.), кој живеел и работел по времето на Александар Македонски и работел како трет раководител во познатата библиотека во Александрија за време на Птолемеј Филаделф. (Даниела Тошева – Николовска, Калимах: Химна кон Ѕевс, преводот е направен според изданието на R. Pfeiffer, Callimachus, vol. 2, R. Pfeiffer, Oxsford: Clarendon Press, 1953).



*Л. Палатица - со пелагонска_култура*



*Голем Камен-Лопатица*



*Гробови во карпа – кај л. Голем Камен*

Во тој контекст, треба да се повикаме и на преданијата за митолошките личности, познати како џиновите од Македонија, односно трите џинови, Бријареј (сторакиот џин), Гиг и Кот, кои можат да се сретнат кај старите автори, кои се занимаваат со античката митологија на Балканот. (Види: Роберт Гревс, Грчки митови).

Според археолозите и историчарите, исто така, е извесно дека во дел од подлабоката историја, односно во делот кој спаѓа во праисторискиот период, Пелагонците, како етничка заедница, но и како старо кралство, населувале поголема територија на југот на Балканот, која се совпаѓа со подоцнежната етничка територија на Македонците. Тоа упатува на фактот дека Пелагонците се во самата основа на културата на Балканот, па и пошироко, на културата на Европа, но дека трагите на пелагонската култура треба да се бараат во постарите културни периоди на полуостровот, кога оваа етничка заедница владеела со поголем простор од овој дел на Европа и поседувала сопствено кралство. Веројатно е дека својот најголем развој, Пелагонското Кралство го имало многу рано, можеби во раното бронзено време, паралелно со Критско–Минојското кралство и култура. Во подоцнежните периоди, на истата територија се создале и воздигнале поголем, број други кралства, како кралството на Пајонците, Линкестите, Бригијците Алмопијците и други етнички заедници, кои, од друга страна, биле блиски по култура, јазик, па и во помало или поголемо биолошко сродство. Фактот, што кај Тукидид среќаваме тврдење од типот „македонското племе Линкести“ и сл. (Tukidid, Povjest peloponeskog rata, prevod Stjepan Telar, Matica hrvatska, Zagreb 1957, 242) , може да упатува на нивната заедничка врска и потекло, обединети во епонимот Македон. На нивната културна и етничка блискост упатуваат и голем број заеднички култно–религиски симболи, верувања и митолошки преданија. Сосема е веројатно дека нивни заеднички религиски центар бил во Додона во Епир, каде се наоѓало едно од најстарите светилишта и пророчишта посветени на врховниот бог Ѕевс, познат како Додонскиот Ѕевс или Ѕевс Пелазгиски.




*Експонат од Ридот-Мажучиште*



*Фигурина - Палатица - Штавица*



[illegible]



*Фигурина - Палатица - Штавица*



*Стела Зарид - Штавица*



*Жртвеник - фрагмент - Палатица*



*Од Пелагонската култура*